РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

---

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА И РАБОТЕЊЕТО НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА 2012ГОДИНА

Скопје, април 2013 година

## Вовед

Управата за извршување на санкциите петта година по ред изготвува Годишен извештај за работата на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија во кој на детален начин се прикажува состојбата и активностите кои се преземени во 20112 година за подобрување на затворскиот систем.

Годишниот извештај за 2012 година содржински е структуриран на начин што овозможува приказ на целокупното работење во затворскиот систем во Република Македонија од повеќе аспекти и тоа:

- информации за подобрување на легислативата со која се регулира извршувањето на санкциите, како и за активностите кои се во насока на подобрување на процесот на ресоцијализација на осудените лица;
- податоци за преземените активности за почетна и континуирана обука на затворскиот персонал;
- податоци за преземените активности во рамките на Проектот за реконструкција на КПУ во РМ за подобрување на условите и сместувачките капацитети за осудените, притворените и малолетните лица;
- информации за спроведените стручно-инструкторски надзори во КПУ и за активностите во насока на сузбивање на коруптивните активности на затворскиот персонал;
- статистички податоци за вработените во установите;
- статистички податоци за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија, како и податоци за малолетните лица кои се наоѓале во Воспитно-поправниот дом Тетово од аспект на бројна состојба на осудени односно малолетни лица, старосна структура на осудените лица, структура на осудените лица во зависност од извршеното кривично дело, погодности кои осудените лица ги користеле во текот на 2011 година, разместување на осудени лица, дисциплинска одговорност, работно ангажирање на осудени лица, здравствена заштита на затворската популација во казнено поправните установи и слично и
- статистички податоци за притворените лица, кои издржувале мерка притвор во текот на 2012 година.

Согласно законската обврска од член 9 став 3 на Законот за извршување на санкциите, Управата за извршување на санкциите на годишно ниво ја известува Владата на Република Македонија и јавноста за состојбата и работењето на казнено-поправните установи во Република Македонија.

# I. АКТИВНОСТИ НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛЕГИСЛАТИВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Во насока на унапредување на процесот на извршување на санкциите, во 2011 година беше заокружена легислативната рамка со која се регулира извршувањето на санкциите и во 2012 година започна имплементацијата на сите новодонесени акти со што се постигна подобрување на процесот на ресоцијализација на осудените лица како и подобрување на материјалните и безбедносните услови во казнено – поправните установи согласно европските стандарди.

Еден од позначајните подзаконски акти е **Унифицираниот Куќен ред за сите казнено-поправни установи** кој стапи во сила во јануари 2012 година и со чија примена се овозможува почитување и обезбедување на правото на еднакво постапување со осудените лица во сите казнено - поправни установи. Овој куќен ред, меѓудругото, содржи точно дефинирани критериуми посебно во делот на условите под кои можат осудените лица да користат погодности, точно дефинирана дисциплинска постапка и други критериуми значајни за издржувањето на казната затвор на осудените лица.

Во насока на соодветна контрола над примената за законската и подзаконската регулатива и целокупното работење во установите од страна на Управата за извршување на санкциите изработено е и донесено посебно **Упатство за внатрешен контролен систем во КПУ и ВПУ во РМ** кое од декември 2012 година е пуштено во употреба во сите казнено-поправни установи. Внатрешниот контролен систем претставува континуиран процес кој ги вклучува сите видови на контрола над работењето во КПУ и ВПУ и со неговата примена во установите се обезбедува идентификување, анализа и оценување на сите видови на ризик во текот на работењето, недостатоците и слабостите во работниот процес што е основа за изнаоѓање на соодветни решенија за констатираните проблеми.

Во текот на 2012 година од аспект на легислативата се работеше на изработка на акти за подобрување на здравствената заштита на осудените лица. Имено, на 11.12.2012 година од Владата на РМ усвоена е **Стратегија за здравствена заштита во казнено-поправните и воспитно-поправните установи 2012-2014 година** заедно со Акциониот план за нејзина имплементација и согласно оваа Стратегија изработени се подзаконските акти кои се однесуваат на здравствената заштита на осудените лица. Така, на 25 февруари 2013 година стапија во сила дванаесет Упатства со кои се уредени

различни области на здравствената заштита на осудени, притворени и малолетни лица и тоа:

- Упатство за лекарски преглед при прием на осудено лице во КПУ;
- Упатство за лекарски преглед при отпуст на осудено лице во КПУ;
- Упатство за пристап до лекар на осудено лице во КПУ и дистибуција на медикаменти (преглед во и надвор установата);
- Упатство за лекарски преглед и лекарски надзор во тек на извршување на дисциплинска казна- упатување во самица;
- Упатство за должности и етика на медицински персонал од секторот за здравствена заштита;
- Упатство за меѓусекторска соработка во здравствена заштита на осудени и малолетни лица;
- Упатство за евидентирање на знаци на насилство во установата кај притворени и осудени лица;
- Упатство за контрола на хигиената и контрола на храната во установата.
- Упатство за лекарски преглед при прием на притворено лице во КПУ;
- Упатство за лекарски преглед при отпуст на притворено лице во КПУ;
- Упатство за минимум технички стандарди во здравствените единици на установите;
- Упатство за постапката за лекарски при употреба на средства за присилба.

## II. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

Со оглед на тоа што Стратегијата за ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица кои издржуваат казна затвор се однесува за изминатиот период од 2010-2012 година, мора да се истакне дека најголем број од планираните активности се реализирани во временски утврдените рокови. Управата за извршување на санкциите и понатаму продолжи со преземање на низа мерки и активности за успешна интеграција на осудените лица во општеството. Особено значајна активност која беше спроведена во текот на 2012 година е развивање на Психосоцијална програма за третман на осудени лица кои злоупотребуваат дроги и психотропни супстанции. Имено, со поддршка на експерти во рамките на

софт компонентата на “Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија” и експерти ангажирани преку TAIEX инструментот се подобри Програмата за третман на осудени лица кои злоупотребуваат droги и психотропни супстанции. Во рамките на “Проектот за реконструкција на КПУ во РМ”, каде што се предвидува изградба на нов комплекс на КПД Идризово планирано е постоење на посебно drug free одделение со што ќе се создадат и просторни услови според европските стандарди за третирање на оваа ранлива категорија на осудени лица.

Заради обезбедување на континуитет за унапредување на процесот на ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица во рамките на Проектот ИПА 2009, кој започна со реализација на почетокот на 2013 година се предвидуваат и активности за доработка и развивање на сите Стандардизирани програми за специфични третмански групи на осудени лица кои беа изработени во текот на 2010/2011 година и тоа:

- Програма за третман на осудени лица кои злоупотребуваат алкохол;
- Програма за третман на осудени лица за сексуални деликти;
- Програма за третман на осудени лица со насилно однесување;
- Програма за третман на осудени лица за кривични дела со елементи на насилство;
- Програма за третман на осудени лица-малолетници и помлади полнолетни осудени лица;
- Програма за третман на осудени лица-жени;
- Програма за третман на осудени лица на доживотен затвор.

## ИПА ПРОЕКТ 2009

Проектот ИПА 2009 е од особена важност за подобрување на пенитенцијарниот систем во Република Македонија .

Во рамките на овој Проект обезбедени се средства од 2.100.000,00 евра, со кои меѓудругото, се поддржува изработка на Национална Стратегија за развој на затворскиот систем во Република Македонија. Со Националната Стратегија ќе се направи севкупна анализа на состојбата на

пенитенцијарен систем во Република Македонија, односно ќе се идентификуваат позитивните и негативните аспекти на неговото функционирање и врз основа на постоечката состојба ќе се поставаат конкретни цели и ќе се понудат реални решенија за подобрување на целокупното функционирање на затворскиот систем во Република Македонија. Поточно,  Националната стратегија ќе офати анализа на мрежата на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, видовите на организациона поставеност и функционирањето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, упатувањето на осудените лица на издржување на казната затвор, утврдување на надлежноста на Министерството за здравство врз здравствените работници кои работат во казнено-поправните установи, како и утврдување на надлежноста на Министерството за образование и наука во делот на организацијата и финансирањето на образованието во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Истовремено, како што е погоре наведено во рамките на Проектот се предвидени активности за развивање на програмите за специфични третмански групи на осудени лица, како и повеќе активности за јакнење на капацитетите на затворскиот персонал преку организирање на обуки на повеќе теми и области за спроведување на работниот процес во установите.

Имплементацијата на Проектот ИПА 2009 започна на почетокот на 2013 година и неговата реализација е во тек.  Во периодот од 11-13 февруари 2013 година се реализираше посета од страна на експерти од Советот на Европа со цел проценка на состојбата на затворскиот систем во РМ, пред започнување на активностите за изработка на Стратегијата.

## III. ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИОТ ПЕРСОНАЛ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Управата за извршување на санкциите, во рамките на својата надлежност, согласно чл. 67 од Законот за извршување на санкциите (“Службен весник на РМ" бр.2/2006 и 57/2010) обезбедува и организира почетна и континуирана обука на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и проверка на нивните знаења и способности.

Во текот на 2012 година реализирани се четири циклуси на средна и напредна обука на затворски персонал.

- Првиот циклус на обука беше спроведен во тек на месец јануари 2012 година од страна на обучувачите кои воедно беа членови на работните групи за изработка на подзаконските акти – Упатства, Правилници, Инструментот за проценка на ризик и прирачник за процена на ризик. На обуките учествуваа службени лица од Секторот за ресоцијализација и Секторот за обезбедување од сите КПУ со цел за стекнување на нови вештини и успешна примена на новите подзаконски акти.
- Вториот циклус на обука се одржа како дводневна работилница во периодот од 29.02. до 02.03.2012 година. На работилницата присуствуваа 29 учесници - членови на стручните тимови од приемните одделенија во установите. Во тек на првите две сесии од првиот ден на работилницата учесниците во присуство на директорот на УИС, директорот на Затвор Гевгелија, Затвор Струмица и Затвор Прилеп дискутираа за конкретните потешкотии во имплементацијата за реформските документи и беа дадени конкретни насоки за надминување на истите.
- Третиот циклус се одржа во текот на месец март 2012 година во 4 работни дена на кои учествуваа во просек по 25 вработени од Секторот за ресоцијализација и Секторот за обезбедување од КПД Идризово. На обуките беа обработени повеќе теми во насока на усовршување на вештините на вработените за водење на мотивациono интервју, а беа обработени и повеќе прашања во врска со практичната примена на новите подзаконските акти – Правилници и Упатства.
- Четвртиот циклус се одржа во текот на месец април 2012 година во 3 работни дена на кои учествуваа во просек по 30 вработени од секторот за ресоцијализација и секторот за обезбедување од КПД

Идризово. Овие обуки се однесуваа на примена областите опфатени со десетте Процедури и Протоколи за постапување на вработените во казнено-поправните установи. Меѓудругото, се спроведе и обука за примена на типовите на комуникација што е од значајна важност за затворскиот персонал.

Со поддршка на УНИЦЕФ започна реализација на обуки за обучувачи од областа на малолетничка правда во периодот од 29.01.до 03.02.2012 година работилница за правата на децата како дел од проектот: Правда за децата, финансиран од Европската Унија и кофинансиран и имплементиран од страна на УНИЦЕФ со институционална и техничка помош од Казнената Реформа Интернационал (КРИ).

Во ноември 2012 години, двајца претставници од Управата за извршување на санкциите учествуваа на обука за јавни набавки и се стекнаа со сертификати за работа во постапките за јавни набавки.

Во декември 2012 година, Секретаријатот на Националниот координативен механизам организираше и одржа обука за социјално претприемаштво. На обуката учествуваше претставник од Управата за извршување на санкциите.

Во февруари 2013 година, претставник од Управата учествуваше и заврши семинар во соработка со EMCDDA на тема: Координација и национално известување за дроги и проблеми со дроги.

Од аспект на обуките на затворскиот персонал и вработените во Управата за извршување на санкциите, во рамките на ИПА Проектот 2009 меѓудругото се предвидени и повеќе активности за организирање и спроведување на обуки на затворскиот персонал на повеќе теми и области, така што во текот на 2013 година активностите за обука на затворскиот персонал ќе бидат значително повеќе застапени.

## IV. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СМЕСТУВАЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

### 1. Реализација на Проектот: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Заради натамошно подобрување на условите во казнено-поправните установи и обезбедување на поефикасно извршување на санкциите во согласност со европските стандарди во 2012 година Управата за извршување на санкциите продолжи со реализација на **"Проект за реконструкција на КПУ и ВПУ во Република Македонија",** кој се реализира со поддршка на Европската комисија и заем за имплементација на проектот од Банката за развој на Советот на Европа од вкупно 46 милиони евра и учество на Република Македонија со буџетски средства од 6 милиони евра.

Новите објекти во КПД Идризово ќе бидат со изградена површина од 43.000 метри квадратни, а сегашниот капацитет од 900 места ќе се зголеми за 1.510 лица. Новиот Воспитно-поправниот дом Тетово ќе биде со површина од 2.640 метри квадратни со капацитет од 84 малолетни лица. Во Затворот Скопје ќе се изградат нови објекти со површина од 12.235 метри квадратни, а вкупниот капацитет на установата ќе биде 634 осудени и притворени лица, а ќе се доврши и изградбата на Затворот Куманово со објекти од вкупна површина од 5.500 метри квадратни и капацитет од 250 лица.

Реализацијата на Проектот "Реконструкција на казнено поправните установи во Република Македонија” се движи во рамките и согласно роковите договорени со Банката за развој при Советот на Европа и утврдени со Физибилити извештајот.

<u>Затвор Куманово:</u>

Сите потребни активности за изградба на Затворот Куманово кои започнаа во 2010 година продолжија и во 2011 и 2012 година На 28.05.2011 година започна изградбата на Затвор Куманово со објекти од вкупна површина од 3000 м2 и капацитет од 250 лица. Изградбата е завршена и во тек се постапки за јавни набавки за опрема во установата. Согласно планот се очекува во август 2013 година Затворот Куманово да биде пуштен во употреба.

Затвор Куманово






Казнено-поправниот дом Идризово

Од Министерството за транспорт и врски добиено е Одобрение за градба за првата фаза на градба на КПД Идризово. Во тек е Ограничена постапка за јавна набавка за градба за КПД Идиризово. Првата фаза од ограничената постапка е завршена и во тек е втората фаза од постапката.

Казнено-поправниот дом Идризово ќе се гради во три фази на градба во времетрање од шест години. Градбата **ќе започне во втората половина на 2013 година, а треба да заврши во 2018 година.**

Затвор Скопје

Постапката за јавна набавка за изработка на проектна документација за изградба и реконструкција на Затворот Скопје е завршена и во април 2013 година е избран наповолен понудувач кој ќе ја реализира набавката. Градбата е предвидено **да започне во 2014 година, а треба да биде завршена во 2016 година.**

ВПД Тетово

Проектната документација е изработена согласно склучениот Договор со избраната проектантска куќа и добиени се конечни извештаи од стручна ревизија. Распишан е јавен оглас за јавна набавка за изградба на објектите во ВПД Тетово. Градбата **ќе започне во втората половина од 2013 година, а треба да биде завршена во 2015 година.**

Со реализацијата на Проектот за Реконструкција на КПУ во РМ и со техничките подобрувања на установите ќе се постигнат следните меѓународни признати стандарди: енергетски ефикасни згради; минимизирани негативни влијанија на надворешната средина врз областите што го опкружуваат затворот, ќе се користат одржливи градежни материјали со спецификации за ниска потошувачка на енергија, со природна дневна светлина, пасивна сочева добивка, природна вентилација, заштеда на вода, лесно одржување , сигурност и безбедност, отстранување на пречки во однос на пристап на лица со хендикеп, звучна отпорност на зградите, употреба на техничка апаратура за безбедносни системи, видео надзор и контрола на пристап, изградба на здравствени одделенија според стандардите за вакви објекти и нивно опремување со цел да се овозможи на лицата лишени од слобода соодветна медицинска грижа и достапност на истата како во слободното општество.

Подобрувања на условите за престој во казнено-поправните установи во текот на 2012 година беа извршени и со буџетски средства на установите и тоа:

КПД Идризово

- Извршено е и комплетно реновирање на второто крило со капацитет од 140 осудени лица кое во јуни 2012 година е ставено во функција;
- Медицинско одделение за пациенти (Амбуланта) во КПД Идризово е целосно реновирано, окречено, ставени се во функција ново купатило и тоалет и извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција на целиот објект, со што во значителна мерка се подобрени условите за престој во ова одделение;

КПД Штип

- Пуштено е во функција посебно примено одделение;
- Воведена е паралелна инсталација за техничка вода и набавен е дозиметар за хлорирање на вода;
- Направена е поделба на крила во полуотворенот одделение со метални прегради на секое крило поеднично;
- Во тек е постапка за набавка на агрегат за производство на струја.

Затвор Скопје

- Пуштено е во употреба и функционира посебно примно одделение (од јули 2012 година)

## V. АКТИВНОСТИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во сите европски држави, како и во државите од нашето опкружување и поранешните југословенски републики е воспоставена посебна пробациска служба која има голема улога во процесот на ресоцијализација на лицата на слобода (во заедницата).

Функционирањето на пробациските служби во сите земји каде што се воспоставени покажуваат исклучително добри резултати во намалувањето на затворската популација, подобрување на ресоцијализацијата на осудените лица и намалување на рецидивизмот.

Од тие причини, определба на Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите е да биде воспоставена посебна пробациска служба која ќе биде формирана на ниво на сектор во Управата за извршување на санкции (Сектор за пробација).

За воспоставувањето на пробациската служба обезбедени се финансиски средства преку претпристапните фондови со проектот ИПА 2010 кој треба да започне со реализација во 2014 година. Во рамките на овој Проект опфатени се активности за подготовка на Закон за пробација и воспоставување на пробациската служба во Република Македонија.

Во периодот пред реализација на проектот ИПА 2010, Управата за извршување на санкциите презема повеќе активности со кои ќе се олесни подготовката на Законот за пробација и другите предвидени активности.

Во периодот од септември 2011 година до март 2013 година во соработка со Националната служба за управување на осудени лица на Англија и Велс (НОМС), а со финасиска подршка на Британската амбасада во Скопје се реализираше посебен Проект за поддршка на Управата за извршување на санкциите за воспоставување на пробациски ситем во државата.

Во рамките на овој проект е изработена Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Македонија со Акционен план за нејзина реализација, која е доставена за усвојување на Владата на Република Македонија. Во рамките на Стратегијата се содржани и повеќе документи кои составен дел на самата Стратегија и тоа:

- Истражување на третманот, санкциите и положбата на полнолетните сторители на кривични дела на територијата на Република Македонија (Прилог број 1);
- Правна анализа за измени и дополнување на законската регулатива со цел создавање и развој на пробациска служба во Република Македонија со листа на закони кои треба да претрпат измени и дополнувања (Прилог број 2);

- Организациона поставеност на пробациската служба во Република Македонија (Прилог број 3);
- Статус и образовен профил на пробациските службеници во Република Македонија (Прилог број 4);
- Резиме за фискалните импликации од воспоставувањето на посебна пробациска служба во Република Македонија (Прилог број 5) и
- Стратегија за комуникација и промоција на пробацискиот систем ( Прилог број 6)

Предлог-Стратегијата за развој на пробациска служба во Република Македонија и сите документи изработени во рамките на проектот беа презентирани на завршната конференција која се одржа на 18 април 2013 година на која учествуваа претседатели на судови, судии и јавни обвинители, професори од повеќе универзите во РМ, претставници од локалната самоуправа и претставници од сите релевантни институции (Академија за обука на судии и јавни обвинители, МВР, МТСП, Казнено-поправни установи, ЈУ Завод за социјални дејности и др. ). Од сите присутни на Конференцијата беше поздравено донесувањето на Стратегијата и беше дадена силна поддршка за воспоставување на посебен пробациски систем во државата.

Пробациската служба која ќе биде формирана во рамките на Управата, по примерот на повеќе европски држави е од клучно значање за подобрување на кривично-правниот систем во Република Македонија. Имено, според направените анализи, по воведувањето на посебна пробациска служба во Република Македонија се очекува само во првата година затворската популација да се намали од 10 до 20%. Освен намалувањето на затворската популација и преполнетоста во казнено-поправните установи и економичноста на овие мерки наспроти казната затвор со воспоставувањето на посебна пробациска служба ќе се постигнат и низа други придобивки. Имено, со имплементацијата, примената и развојот на системот за редовна статична и динамична проценка на ризикот и на потребите на сторителите на кривични дела како и со развивањето и креирањето на посебни услуги во текот на судската постапка (вклучувајќи го и изготвувањето и доставувањето на структурирани информации до судечкиот судија за лицето за кое постои основано сомневање дека сторило кривично дело), судијата ќе има целосен преглед за личноста на сторителот на кривично дело што ќе помогне во донесувањето на одлуките кои што се однесуваат на соодветната казна. Исто така, ќе се создатат услови за надзор над извршувањето на алтернативните санкции и на осудените лица кои се отпуштени од издржување на казната затвор со што ќе се овозможат

услови за успешна ресоцијализација на осудените лица и нивно вклучување во заедницата.

Меѓудругото, Управата за извршување на санкции од 01.01.2012 година е полноправен член на Европската организација за пробација.

## VI. СТРУЧНО-ИНСТРУКТОРСКИ НАДЗОРИ НАД РАБОТЕЊЕТО ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

Врз основа на својата надлежност согласно Законот за извршување на санкциите (Службен весник на РМ бр.2/2006 и 54/2010), Управата за извршување на санкциите преку свои инспектори во текот на 2012 година изврши вкупно 32 вонредни надзори над работата на казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Согласно законските прописи, вонреден стручно-инструкторски надзор врз работата на установите се врши по добиени сознанија за нестручно и несовесно работење на установите преку претставки на осудени лица, вработени лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи или од други физички и правни лица, како и по иницијатива на надлежни органи и други институции.

Од страна на инспекторите од Управата за извршување на санкциите по претходно изготвени Планови за надзори на проверка на работењето на установите, особено за проверка на примената на актите донесени кон крајот на 2011 година, како и по поднесени претставки од осудени лица во казнено-поправните установи, во текот на 2012 година извршени се вкупно 32 вонредни стручно-инструкторски надзори. Најголем број од нив (18 надзори) извршени се во КПД Идризово, 7 во КПД Штип, по 2 надзори се извршени во Затворот Скопје и Затвор Гевгелија и по 1 надзор во Затворот Тетово, Затворот Прилеп и Затворот Битола. Врз основа на извршените надзори редовно се преземаат мерки, односно се доставуваат наредби за отстранување на сите констатирани недостатоци и пропусти во текот на работењето на установата.

Од извршените надзори, како особено значаен може да се издвои надзорот на работењето на КПД Идризово кој се спроведе кон крајот на 2012 година и го опфати работењето на секторот за ресоцијализација од аспект на примена на законските и подзаконските акти кои се однесуваат на спроведување на третманот на осудените лица кои издржуваат казна затвор во оваа установа. Потребата да се изврши ваков надзор произлезе заради проверка на примената на новодонесените акти, меѓутоа и поради тоа дека КПД Идризово претставува установа во која ја издржуваат казната затвор најголем број од осуденичката популација во Република Македонија. Од извршениот надзор во оваа установа, констатирани се одредени неправилности во делот кој се однесува на водењето на евиденција за осудените лица, начинот на доделување на одредени погодноси, непочитување на одредбите на Куќниот ред на установата кои се однесуваат на дополнителната класификација на осудените лица, одредување на класификацијата на осудените лица која не е во согласност со Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените во КПУ и др. Од страна на инспекторите за извршување на санкциите за секоја утврдена неправилност дадени се конкретни укажувања за нивно отстранување и насоки за идно постапување на надлежните лица во КПД Идризово. Врз основа на записникот, од страна на директорот на Управата за извршување на санкциите дадени се и Наредби за спроведување на укажувањата од инспекторите, што всушност е случај за сите утврдени неправилности во сите установи воопшто.

## VII. РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКАТА ЗА 2012 ГОДИНА

Министерство за правда - Управата за извршување на санкциите со цел сузбивање на детектираните можни извори на корупција во казнено-поправните установи во рамките на своите надлежности, согласно Акциониот план за спречување на корупција во КПУ и ВПУ континуирано презема активности за превенција и сузбивање на коруптивни дејствија на вработените и осудените лица во установите, кое го врши во соработка со надлежните органи за борба против појавите на организиран криминал и корупција во казнено-поправните установи.

Освен активностите кои континуирано се преземаат за спречување на коруптивно однесување на затворскиот персонал особено значајно за 2012 година од аспект на легислативата е донесувањето на посебно Упатство за внатрешен контролен систем во КПУ и ВПУ во РМ кое од декември 2012 година е пуштено во употреба во сите казнено-поправни установи. Со ова Упатство се обезбеди идентификување, анализа и оценување на сите видови на ризик во текот на работењето меѓу кои и ризикот од корупција и се овозможува спроведување на работниот процес согласно законската и подзаконската регулатива.

Исто така, во текот на 2012 година во поголем број од казнено-поправните установи и во Воспитно поправниот дом Тетово беа донесени посебни упатства со кој се уредува начинот на видео надзор во установите со што се обезбедува заштитата на животот и здравјето на осудените лица, вработените и посетителите во установите, заштита на сопственоста, обезбедување на контрола при влез и излез во установата со што меѓу другото се постигнува намалување на можностите за корупција во установите.

Како особено значајна активност за координирано и организирано постапување на казнено-поправните установи при пријавување на кривичните дела од областа на корупција е континуираната примена на Стандардните оперативни процедури за постапување на државните службеници во Управата за извршување на санкциите и казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија во случај на пријавување на кривично дело поврзано со корумптивно однесување.

Телефонот за пријавување на корупција 02/32-23-519 на кој можат да се пријават коруптивни дејствија во казнено-поправните и воспитно поправните установи во Република Македонија континуирано функционира. Во текот на 2012 година заклучно со 31-ви декември 2012

година на телефонскиот број има вкупно 6 јавувања од кои: по 2 телефонски јавувања од КПД Идризово и Затворот Тетово и по 1 телефонско јавување од КПД Штип и Затворот Скопје. Во однос на телефонските јавувања треба да се нагласи дека повеќето не се однесуваат на коруптивно однесување на вработените во установите, односно се однесуваат на третманот во установата и постапувањето на затворскиот персонал. По сите јавувања од страна на Управата за извршување на санкциите е постапено и преземени се соодветни мерки.

Што се однесува до најголемата казнено-поправна установа во Република Македонија, КПД Идризово, во насока на спречување на внесувањето на наркотични средства, мобилни телефони и други недозволени предмети, освен зголемениот број на вршење на претреси се преземаат и мерки за засилување на обезбедувањето во сите одделенија во установата. Истовремено, освен претресите кои се вршат на осудените лица засилен е и претресот кој редовно се врши како кај вработените во установата, така и на сите посетители кои влегуваат во установата. За сите случаи кога се пронајдени недозволени предмети, навремено од страна на установата се известени Министерството за внатрешни работи и ОЈО Скопје заради преземање на понатамошни мерки согласно нивните надлежности.

Во рамките на превентивните активности во насока на спречување на корупцијата во установата, меѓу другото во КПД Идризово направен е нов план за посети на осудени лица и ставен е во функција нов електронски систем за евиденција на посетите. Посетите се спроведуваат секојдневно, а не само за време на викенд.

Во Затворот Скопје, во кој се наоѓа најголемото притворско одделение особена значајна активност која во 2012 година е преземена во насока на превентивно делување за сузбивање на корумптивно однесување е тоа што се применува посебно Упатство и методологија за прием и претрес на пратки. Во насока на спречување на внесување на дрога и други недозволени предмети во затвореното и притворското одделение во Затворот Скопје направен е посебен Проект и поставена е заштитна мрежа, со што во голема мера е спречено внесување на недозволени предмети во установата.

## VIII. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЕРСОНАЛОТ ВО КПУ И ВПУ

Во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија со состојба на 31.12.2012 година имало вкупно 747 вработени. Клучни сектори во казнено-поправните установи од аспект на спроведувањето на третман на осудените лица за нивна ресоцијализација како и за обезбедувањето на осудените лица се секторот за обезбедување во кој бројот на вработени изнесува 527 лица и секторот за ресоцијализација во кој има вработенио вкупно 95 лица.

**Табеларен приказ на бројот на вработени во казнено-поправните и воспитно поправните установи со состојба на 31.12. 2012 година:**

| Казнено-поправна установа | Директор и заменик директор | Сектор за ресоцијализација | Сектор за обезбедување | Сектор за извршно-управни и финансиски прашања | Сектор за здравствена заштита | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| КПД Идризово | 2 | 24 | 200 | 27 | 7 | 260 |
| КПД Штип | 1 | 11 | 61 | 7 | 5 | 85 |
| КПД од отворен вид Струга | 2 | 4 | 8 | 6 | 1 | 21 |
| Затвор Скопје | 2 | 7 | 93 | 12 | 5 | 119 |
| Затвор Тетово | 2 | 4 | 23 | 4 | 2 | 35 |
| Затвор Битола | 2 | 12 | 26 | 10 | 2 | 52 |
| Затвор Прилеп | 1 | 6 | 20 | 4 | 1 | 32 |
| Затвор Струмица | 1 | 5 | 15 | 7 | 0 | 28 |
| Затвор Гевгелија | 1 | 4 | 16 | 6 | 0 | 27 |
| Затвор Куманово | 1 | 2 | 22 | 5 | 0 | 30 |
| Затвор Охрид | 2 | 2 | 25 | 6 | 0 | 35 |
| ВПД Тетово | 2 | 14 | 18 | 7 | 1 | 42 |
| Вкупно | 19 | 95 | 527 | 101 | 24 | 766 |

Во врска со бројот на вработените во казнено-поправните установи, во најголемата казнено-поправна установа во Република Македонија, КПД

Идризово има вкупно 260 вработени од кои 200 во секторот за обезбедување и 24 вработени во секторот за ресоцијализација. Имајќи го во предвид бројот на осудени лица во установата кој во континуитет се движи околу 1300 осудени лица, неспорен е заклучокот дека е потребно да се зголеми бројот на вработени во установата, особено во Секторот за ресоцијализација.

## Бројна состојба на вработените во КПУ и ВПУ според возраста




Според возраста најгоелемиот број на вработените во КПУ и ВПУ се на возраст од 26 до 35 години (31% од вкупниот број вработени), а значително е застапена и возрасната група на вработени од 36 до 45 години (30% од вкупниот број вработени).

**Табеларен преглед  на структурата на вработените во КПУ и ВПУ според степенот на образование**

| Вид на образование на вработените | Број на вработени |
|---|---|
| **Основно образование** | 3 |
| **Средно образование** | 535 |
| **Вишо образование** | 23 |
| **Високо образование** | 178 |
| **Магистар** | 4 |
| **Доктор на науки** | 0 |

Во установите најголемиот дел од вработените, 535 вработени лица, (од кои најголемиот дел во секторите  за обезбедување во установите) се со средно образование ,а 178 вработени (од кои најголемиот дел во секторите за ресоцијализација) се со високо образование.

## IX. ПОДАТОЦИ ЗА ОСУДЕНИТЕ  ЛИЦА  КОИ ИЗДРЖУВААТ КАЗНА ЗАТВОР ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

**Новопримени осудени лица на издржување на казната затвор во 2012 година**

Во текот на 2012 година на издржување на казна затвор во казнено-поправните установи биле **новопримени вкупно 1740 осудени лица**.

Приливот на новопримени осудени лица за издржување на казна затвор на месечно ниво во просек изнесува 140 осудени лица. Најголем број осудени лица биле примени во текот на месец февруари и јули 2012 година кога на месечно ниво во сите казнено-поправни установи биле примени по 175 осудени лица.  Бројот на новопримени осудени лица е најмал во месец април  2012 година кога во казнено-поправните установи на издржување на казна затвор биле новопримени 86  осудени лица.

Од новопримените осудени лица во казнено-поправните установи 534 осудени лица сами се јавиле на издржување на казната, 1048 осудени лица биле приведени, додека 188 осудени лица биле донесени на издржување на казна затвор после издржување на мерката притвор.

## Отпуштени осудени лица на издржување на казната затвор во 2012 година

Во текот на 2012 година од издржување на казна затвор **биле отпуштени вкупно 1232 осудени лица** од кои најголемиот број осудени лица (699 осудени лица) биле отпуштени од издржување на казната затвор по одлука на Директорите на казнено-поправните установи, по издржување на три четвртини од казната затвор (во времетраење од 30 ди 120 дена, во зависност од висината на казната) согласно член 206 од Законот за извршување на санкциите (Службен весник на РМ бр.02/2006 и 57/2010).По целосно издржана казна затвор биле отпуштени 213 осудени лица, со одлука за помилување 31 осудено лице, додека на 289 осудени лица од страна на судот им бил дозволен условен отпуст.

Во текот на 2012 година приливот на новопримени осудени лица од издржување на казната затвор е значително поголем односно за 508 осудени лица повеќе од бројот на осудени лица кои биле отпуштени од издржување на казната затвор по сите основи.

## Бројна состојба на осудени лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправните установи во 2012 година

Бројната состојба на осудени лица кои издржувале казна затвор во 2012 година на месечно ниво изнесува во просек 2200 осудени лица. Имено, бројната состојба е најголема со состојба на 28.02.2012 година кога во сите казнено-поправни установи издржувале казна затвор 2246 осудени лица. Бројната состојба е најмала на 31.10.2012 година, кога во казнено-поправните установи издржувале казна затвор вкупно 2050 осудени лица. На крајот на 2012 година, со состојба на 31.12.2012 година бројот на осудени лица кои издржувале казна затвор изнесува 2188 осудени лица.

**Табеларен приказ на бројот на осудени лица со состојба на 31.12.2011 година по установи:**

| Казнено-поправна установа | Број на осудени лица на 31.12.2011 година | | |
|---|---|---|---|
| | Прво престапници | Повторници | Вкупно |
| КПД Идризово | 561 | 745 | **1306** |
| КПД Штип | 56 | 201 | **257** |
| КПД од отворен вид Струга | 24 | 8 | **32** |
| Затвор Скопје | 140 | 41 | **181** |
| Затвор Тетово | 51 | 18 | **69** |
| Отв.Одд.Крива Паланка | 15 | 6 | **21** |
| Затвор Битола | 40 | 29 | **69** |
| Затвор Прилеп | 28 | 32 | **60** |
| Затвор Струмица | 73 | 23 | **96** |
| Затвор Гевгелија | 64 | 13 | **77** |
| Затвор Охрид | 20 | 0 | **20** |
| **Вкупно** | 1072 | 1116 | **2188** |

**Шематски приказ** на бројот на осудени лица со состојба на 31.12.2012 година според тоа дали за прв пат издржуваат казна затвор или се повратници.



## Бројна состојба на осудените лица според полот:

Според полот најголемиот број осудени лица со состојба на 31.12.2012 година се од машки пол (2134 осудени лица), додека 52 лица се жени кои казната затвор ја издржувале во женското одделение во КПД Идризово.

## Старосна структура на осудените лица:

Приказ на старосната структура на осудените лица кои издржувале казна затвор во 2012 година:




Најголемиот број од осудените лица кои издржувале казна затвор во казнено-поправните установи во 2012 година се на возраст од 30 до 40 години (717 осудени лица), додека најмал е бројот на осудените лица на возраст над 61 години (48 осудени лица). Во малолетничкиот затвор Охрид, од вкупниот број на осудени лица кои издржуваат казна затвор во оваа установа, 3 се малолетни лица се на возраст од 16 до 18 години, додека 18 лица се помлади полнолетници на возраст од 19 до 23 години.

Национална припадност на осудените лица:

**Табеларен приказ на структурата на осудените лица кои издржувале казна затвор на 31.12. 2012 година според националната припадност:**

| Национална припадност | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Македонци | 940 | 36 | 976 |
| Албанци | 684 | 6 | 690 |
| Турци | 84 | 0 | 84 |
| Роми | 323 | 10 | 333 |
| Срби | 43 | 0 | 43 |
| Друго | 60 | 0 | 60 |
| **Вкупно** | **2134** | **52** | **2186** |

Според националната припадност најголемиот број од осудените лица се македонци (44% од вкупниот број осудени лица), 32% од осудените лица се од албанска националност, 15% се роми, 4% од турска национачност, 2% се од српска националност, додека останатите 3% осудени лица се со друга национална припадност.

**Структура на осудените лица според степенот на образование:**

**Табеларен приказ на структурата на осудените лица_кои издржувале казна затвор во 2012 година според степенот на образование:**

| Степен на образование | Состојба на 31.12.2012 година | | |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Вкупно |
| **Неписмени** | 275 | 4 | **279** |
| **Основно** | 1057 | 21 | **1078** |
| **Средно** | 730 | 24 | **754** |
| **Виша** | 6 | 0 | **6** |
| **Високо** | 65 | 3 | **68** |
| **Магистри** | 1 | 0 | **1** |
| **Доктори на наука** | 0 | 0 | **0** |
| Вкупно | 2134 | 52 | **2186** |

Најголемиот број на осудени лица кои издржувале казна затвор во 2012 година (со состојба на 31.12.2012 година) се со завршено основно образование – 1078 осудени лица.

**Структура на осудените лица според кривичното дело за кое издржуваат казна затвор**

**Табеларен приказ на Структурата на осудените лица според кривичното дело за кое издржувале казна затвор на 31.12.2012 година**

| Вид на Кривично дело | Број на осудени лица | | |
|---|---|---|---|
| | Примарни | Повторници | Вкупно |
| Против животот и телото | 190 | 86 | **276** |
| Против Слободите и правата на човекот и граѓанинот | 15 | 16 | **31** |
| Против Изборите и гласањето | 5 | 3 | **8** |
| Против Работните односи | 0 | 0 | **0** |
| Против Честа и угледот | 0 | 1 | **1** |
| Против Половата слобода и половиот морал | 86 | 54 | **140** |
| Против Бракот,семејството и младината | 2 | 6 | **8** |
| Против Здравјето на лугето | 144 | 169 | **313** |
| Против Животната средина и природата | 0 | 0 | **0** |
| Против Имотот | 384 | 635 | **1019** |
| Јавни финансии,платен промет и стопанство | 14 | 11 | **25** |
| Против Општата сигурност на лугето и имото | 9 | 13 | **22** |
| Против Безбедноста на јавниот сообраќај | 47 | 12 | **59** |
| Против Државата | 6 | 1 | **7** |
| Против Вооружените сили | 0 | 0 | **0** |
| Против Службената должност | 20 | 3 | **23** |
| Против Правосудството | 2 | 8 | **10** |
| Против Правниот сообраќај | 10 | 4 | **14** |
| Против Јавниот ред | 65 | 64 | **129** |
| Против Човечноста и меѓународното право | 73 | 30 | **103** |
| **Вкупно** | 1072 | 1116 | **2188** |

Во казнено-поправните установи во текот на 2012 година, **најголемиот број осудени лица издржувале казна затвор за кривични дела против имотот** и тоа вкупно 997 лица. Споредбено со 2011 година состојбата е слична односно бројот на осудени лица кои издржувале казна затвор за кривични дела против имотот изнесувал 1007 осудени лица. Овој број е намален споредбено со 2010 година кога бројот на осудени лица кои издржувале казна затвор за кривични дела против имотот изнесувал 1311 осудени лица. Од аспект на должината на изречените казни затвор за овие кривични дела доминираат казните затвор од 2 до 10 години, односно 465 осудени лица од вкупниот број за овој вид кривични дела издржуваат казна затвор од 2 до 5 години, додека 205 осудени лица издржувале казна затвор од 5 до 10 години.

За кривични дела **против животот и телото** во текот на 2012 година казна затвор издржувале вкупно 276 осудени лица, од кои најголемиот дел издржуваат казни во подолго времетраење односно до 15 години затвор, Имено, 78 осудени лица за овој вид на кривични дела издржуваат казна затвор од 5 до 10 години, додека 98 лица издржуваат казна затвор од 10 до 15 години.

За кривични дела против **половата слобода и половиот морал** казна затвор издржувале вкупно 140 осудени лица, што е слично со 2011 година кога за ова кривично дело издржувале казна затвор 141 осудено лице. Од аспект на должината на казната најголемиот број осудени лица за ова кривично дело (53 осудени лица) изджувале казна затвор од 5 до 10 години, а забележителен е бројот и на лицата кои издржувале казна затвор од од 3 до 5 години (39 осудени лица).

Голем е бројот и на осудени лица кои издржувале казна затвор за **кривични дела против здравјето на луѓето** (313 осудени лица) што претставува благо намалување во споредба со 2011 година кога за овој вид кривични дела казна затвор издржувале вкупно 329 осудени лица.

### Структура на осудените лица според должината на казната затвор:

Приказ на **структурата на осудените лица** кои издржувале казна затвор на 31.12.2012 година **според должината на казната затвор**:




Најголемиот број осудени лица издржувале казна затвор во времетраење од 5 до 10 години (526 осудени лица), а голем е бројот на осудените лица кои издржувале казна затвор од 3 до 5 години, 503 осудени лица.

Споредбено со 2011 и 2010 година постои разлика од аспект на бројот на осудени лица според висината на казната, од причини што во изминатите години значително доминираат кратките казни затвор, односно повеќе од половина од осудените лица издржувале пократки казни односно затвор до 3 години.

## Преместување на осудени лица

Осуденото лице по негова молба или по предлог на директорот на установата може да биде преместено на натамошно издржување на казната затвор од една во друга установа од ист вид кога со натамошното престојување во таа установа му е загрозен животот или телесниот интегритет или кога со неговото престојување во установата се загрозува безбедносната состојба во установата.

Осудено лице може да биде преместено на натамошно издржување на казната затвор од една во друга установа од различен вид само по предлог на директорот на установата кога со натамошното престојување во таа установа се загрозува безбедносната состојба во установата, неговиот живот и неговиот телесен интегритет или интегритетот на друго осудено лице, или кога поради преполнет капацитет на установата нема услови за нормално или безбедно извршување на казната затвор, или поради рационалност на судската постапка што се води против осуденото лице за време на издржувањето на казната пред суд надвор од седиштето на установата каде ја издржува казната, или од причини поради кои е неопходна соодветна здравствена заштита.

До Управата за извршување на санкциите во текот на 2012 година се доставени вкупно 402 молби и предлози за преместување на осудени лица од кои 226 се уважени.

| | |
|---|---|
| **Број на осудени лица кои кои биле преместени од една установа на натамошно издржување на казната во друга установа** | **226** |

## РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

Во пенитенцијарниот систем на Република Македонија, работното ангажирање на осудените лица претставува составен дел од процесот на ресоцијализација и тоа е утврдено единствено како право, а не како обврска на осудените лица за работа. Целта на работата е осудените лица да се здобијат со работни навики, да ги одржуваат своите работни способности и да го зголемат стручното знаење за полесно да се вклучат во условите за живот на слобода.

При определувањето на работното ангажирање на осудените лица во установата, се земаат во предвид пред се физичките и психичките способности на осудените лица, а во зависност од можностите на установата, се води сметка и за желбата на осудените лица за вршење на определени работи.

Работата на осудените лица се организира и врши, по правило, во стопански единици во установата, а доколку ги исполнуваат условите според законските одредби можат да бидат работно ангажирани и надвор од установата.

Табеларен преглед на бројот на осудени лица кои биле работно ангажирани внатре во установата во текот на 2012 година:

| Вид на работа на која се ангажирани осудените лица внатре во установата | Отворено одделение | Полуотворено одделение | Затворено одделение | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделски работи | 238 | 149 | 0 | **387** |
| Сточарство | 88 | 19 | 0 | **107** |
| Столарска работилница | 23 | 28 | 21 | **72** |
| Браварска работилница | 9 | 48 | 16 | **73** |
| Автомеханичарска работилница | 34 | 8 | 0 | **42** |
| Кујна | 91 | 56 | 68 | **215** |
| Други работи во установата | 466 | 283 | 182 | **931** |
| Вкупно | **949** | **591** | **287** | **1827** |

**Во текот на 2012 година од вкупната осуденичка популација внатре во казнено-поправните установи биле работно ангажирани вкупно 1827 осудени лица, од кои најголемиот број кои престојуваат во отвореното одделение на установата.**

Во зависност од можностите и потребите во казнено-поправните установи, осудените лица најчесто работно се ангажираат за одржување на хигиената во установата, одржување на зелените површини, работа на фотокопир, во кујна, електрика, водовод, парно, канализациони системи итн. Најчесто, работата во стопанските единици се остварува во дејностите: земјоделство, сточарство, дрвна индустрија и сервисни услуги.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗАТВОРСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Во текот на 2012 година во казнено-поправните установи биле извршени вкупно 13585 здравствени прегледи на 7018 осудени лица кои се пожалиле на здравствени проблеми и се јавиле на здравствен преглед.
Од осудените лица кои се јавиле на здравствен преглед 1385 осудени лица биле испраќани на специјалистички прегледи во јавните здравствени установи во Република Македонија, од кои 125 осудени лица биле задржани на болничко лекување.
Од вкупно извршените здравствени прегледи, најголемиот број биле извршени на осудени лица со акутни заболувања, 4925 здравствени прегледи на 3510 осудени лица, од кои 60 биле задржани на болничко лекување. На вкупно 1741 осудено лица со хронични заболувања им биле извршени 3563 здравствени прегледи од кои 41 лице биле задржани на болничпко лекување. Во текот на 2012 година казна затвор издржувале вкупно 399 осудени лица со психички заболувања на кои им биле извршени 1497 здравствени прегледи, како и 1148 зависници од дрога на кои во текот на годината им биле извршени вкупно 3055 здравствени прегледи.

### Смртни случаи на осудени лица:

Во текот на 2012 година во казнено –поправните установи починале вкупно 8 осудени лица, од кои 6 починале од природна смрт, едно лице починало во несреќен случај и едно лице извршило самоубиство.

### Прекин на издржувањето на казната на осудени лица

Доколку се исполнети предвидените законски услови по молба на осуденото лице или по предлог на директорот на установата, директорот на Управата за извршување на санкциите може да го прекине издржувањето на казната затвор на осуденото лице во траење до 30 дена. Врз основа на мислење на затворската здравствена служба и по претходно мислење на надлежниот јавен обвинител, судијата за извршување на санкциите може да го прекине издржувањето на казната затвор подолго од 30 дена, поради лекување, кога не постојат услови лекувањето да се спроведе во установата или установата да го упати во соодветна здравствена установа.

| Број на осудени лица на кои им бил дозволен прекин на казната затвор | |
|---|---|
| Број на осудени лица на кои им бил дозволен прекин на казната затвор од страна на УИС | 16 |
| Број на осудени лица на кои им бил дозволен прекин на казната затвор од страна на суд | 30 |
| **Вкупно** | **46** |

Во најголемиот број случаи, на 43 осудени лица прекин на казната бил дозволен поради тоа што се наоѓале на болничко лекување од потешка акутна болест или од зависности, на едно осудено лице му бил дозволен прекин на казната поради тоа што се случила смрт во неговото потесното семејство, едно осудено лице добило прекин на казната заради извршување на неодложни полски или сезонски работи и на едно осудено лице му бил дозволен прекин по основот да се грижи за воспитување и чување на децата или згрижување на немоќни лица.

## Користени погодности од осудените лица во 2011 година

Погодностите претставуваат збир на мерки за поттикнување на довербата на осуденото лице, ублажување на затворската дисциплина и негативните влијанија на затворањето, одржување на односите со семејството и надворешниот свет, поттикнување на учеството на осуденото лице во остварувањето на процесот на ресоцијализацијата, јакнење на одговорноста и самодовербата заради негово оспособување за живот во согласност со правниот поредок и исполнување на граѓанските обврски.

Со измените и дополнувањата на членот 153 од Законот за извршување на санкциите (Службен весник на РМ бр. 57/2010) попрецизно се разработуваат погодностите на осудените лица кои се состојат од ублажување на условите во установата и почести контакти со надворешниот свет.

Во Правилникот за начинот на користење на погодности на осудени лица се пропишува начинот на користење на погодностите на осудените лица во и надвор од установата. Истовремено, Унифицираниот Куќен ред за сите установи содржи точно дефинирани критериуми посебно во делот на условите под кои можат осудените лица да користат погодности.

**Табеларен приказ на бројот на користени погодности од страна на осудените лица во текот на 2012 година:**

| Вид на погодност | | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ублажување на условите во установата | | Почести контакти со надворешниот свет | | | | | | | | |
| Уредување на животниот простор со лични предмети | Почесто примање на пратки и примање на пратки со поголема тежина | Продолжени посети или посети без надзор во установата | Телефонирање без надзор | Престој со брачен или вонбрачен другар во посебна просторија без надзор, | Посети надвор од просториите на установата | Слободен излез од установата до 7 часа | Отсуство до 15 дена во текот на годината | Целосно или делумно користење на одморот надвор од установата | | |
| 880 | 1010 | 755 | 1261 | 776 | 68 | 1580 | 3557 | 1212 | | 11099 |

Најголемиот број на погодноста за уредување на животниот простор со лични предмети им биле дозволени на осудените лица кои престојуваат во затворените одделенија во установите (523 осудени лица),232 осудени лица од полуотвореното одделение и 125 осудени лица кои казната ја издржувале во отвореното одделение во установата.
Погодноста за почесто примање на пратки и примање на пратки со поголема тежина била дозволена во 1010 случаи и тоа најчесто на осудените лица кои издржуваат казна затвор во затвореното одделение (675), во 285 случаи е дозволено на осудени лица кои казната ка издржуваат во полуотвореното одделение и во 50 случаи на осудени лица кои казната ја издржуваат во отвореното одделение.

Од аспект на погодностите кои се однесуваат на почести контакти со надворешниот свет, во најголем број случаи осудените лица ја користат

погодноста отсуство до 15 дена во текот на годината (која на осудените лица им била овозможена во 3557 случаи).

**Дисциплински повреди и дисциплинска одговорност на осудените лица**

Во Унифицираниот Куќен ред за сите установи кој почна да се применува од 2012 година прецизно е утврдена дисциплинската постапка која се води во случај на повреда на редот и дисциплината во установата каде што осудените лица ја издржуваат казна затвор. Во таа смисла, во секоја установа е формирана посебна Комисија за дисциплински казни на осудените лица, која врши утврдување на фактичката состојба, односно утврдување на дисциплинската одговорност и изрекување на дисциплински казни на осудените лица.

**Табеларен преглед на бројот на случаи кога осудени лица сториле потешки дисциплински престапи во текот на 2012 година според видот на дисциплинскиот престап:**

| Вид на дисциплинска повреда | Број на осудени лица |
|---|---|
| Неисполнување на наредба на службено лице со што би се предизвикале поголеми нарушувања во работењето на установата | 141 |
| Физички напад на службено или друго осудено лице | 470 |
| Внесување или изготвување на предмети што можат да се користат за напад, бегство или за вршење на кривично дело | 17 |
| Бегство од издржување на казната затвор | 59 |
| Злоупотреба на доделените погодности | 184 |
| Внесување или изработка на алкохолни пијалаци и наркотични средства, нивно уживање или растурање | 105 |
| Намерна повреда на прописите за заштита при работа, заштита од пожар, експлозија или други природни несреќи | 0 |
| Предизвикување на поголема материјална штета, ако била предизвикана намерно или од големо невнимание | 26 |
| Занимавање со препродавање | 23 |

| | |
|---|---|
| Позајмување на пари и меѓусебно задолжување за лихварска камата | 1 |
| Присилување, вршење на психички и физички облик на притисок над други осудени лица и поттикнување кон тоа | 40 |
| **Вкупно** | **1066** |

Во текот на 2012 година биле направени вкупно 1066 дисциплински престапи, од кои најголем број се однесуваат на напад на службено или друго осудено лице (470 случаи).

**Табеларен преглед на бројот на изречени дисциплински казни на осудените лица кои направиле потешки дисциплински престапи во текот на 2012 година:**

| Вид на дисциплинска казна | Број на осудени лица |
|---|---|
| Опомена | 114 |
| јавна опомена | 138 |
| одземање на дел од надоместокот за работа во висина до 20% | 130 |
| ограничување на доделување на погодности до три месеца, ако осудениот ги злоупотребил дадените погодности | 273 |
| упатување во самица од три до 15 дена со и без право на работа | 566 |
| **Вкупно** | **1221** |

Во најголемиот број случаи на осудените лица кои направиле дисциплински повреди во текот на издржувањето на казната затвор им била изречена дисциплинска казна самица во траење од 3 до 15 дена со и без право на работа (во 566 случаи).

## X. ПОДАТОЦИ ЗА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА КОИ ИЗДРЖУВААТ ВОСПИТНА МЕРКА ВО ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО

Во текот на 2012 година во Воспитно поправниот дом Тетово вкупно 23 малолетници започнале да ја издржуваат мерката упатување во воспитно поправен дом, од кои 5 сами се јавиле во установата, 8 биле приведени од страна на Министерството за внатрешни работи, додека 10 малолетници биле донесени на издржување на мерката од притвор.

Од издржување на воспитната мерка во текот на 2011 година биле отпуштени вкупно 25 малолетни лица, од кои 22 по издржување на воспитната мерка и 3 лица биле отпуштени поради издржување на казна затвор.

На 31.12.2012 година воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом издржувале вкупно 40 малолетни лица.

Од аспект на кривичното дело за кое издржуваат воспитна мерка на најголем број им била изречена мерка упатување во воспитно поправен дом за кривични дела против имотот (34 малолетни лица).

**Табеларен приказ** за бројната состојба на малолетните лица според возраста:

| **Возраст на малолетните лица** | **Број на малолетни лица** |
|---|---|
| Од 14 до 16 години | 8 |
| Од 16 до 18 години | 19 |
| Од 18 до 23 години | 13 |
| **Вкупно** | **40** |

Најголемиот број од малолетните лица (24 малолетница) живеат со семејство со двајца родители, додека 16 малолетници живеат само со еден родител.

### Изречени дисциплински казни за малолетните лица

Во текот на 2012 година на 74 малолетни лица им била изречена дисциплинска казна заради повреда на редот и дисциплината во установата.

| Вид на дисциплинска казна | Број на изрелени дисциплински казни |
|---|---|
| Опомена | 4 |
| Јавна опомена | 2 |
| Ограничување на доделување на погодности до три месеца, ако осудениот ги злоупотребил дадените погодности | 9 |
| Упатување во самица од три до 15 дена со и без право на работа | 50 |
| **Вкупно** | **61** |

### Спроведување на образовен процес на малолетните лица во ВПД Тетово:

Во насока на остварување на континуиран образовен процес на малолетните лица кои издржуваат воспитна мерка во ВПД Тетовот, Управата за извршување на санкциите во соработка со Центарот за образование на возрасни, во рамките на тековен твининг Проект на Европската Унија, во Воспитно поправниот дом Тетово реализира пилот Програма за дооформување на образованието и подобрување на основните вештини на малолетниците.

Реализацијата на оваа Програма започна во ноември 2012 година и ќе трае до месец јуни 2013 година.

Со малолетниците работат двајца воспитувачи вработени во ВПД Тетово, кои беа претходно посебно обучени за спроведување на наставен процес. Наставниот процес се одвива четири пати неделно, по четири училишни часа.

## X. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИТВОРЕНИТЕ ЛИЦА КОИ ИЗДРЖУВАЛЕ МЕРКА ПРИТВОР ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во казнено-поправните установи од полуотворен вид, поточно во Затворот Скопје, Затворот Битола, Затворот Прилеп, Затворот Тетово, Затворот Гевгелија и малолетничкиот затвор во Охрид се основани притворски одделенија.

Согласно Решението за распоредување на осудените и малолетните лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи, донесено од Министерот за правда во месец јули 2008 година, во Затворот Скопје освен што се извршува мерката притвор од подрачјето на основните судови Велес и Скопје I, се извршува и притворот спрема машки и женски лица од подрачјето на сите основни судови во Републиката за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор.

Во текот на 2012 година во првото четиримесечје на годината (од месец јануари до април), мерка притвор издржувале 406 притворени лица, во второто четиримесечје (од месец мај до  месец август) мерка притвор издржувале вкупно 370 лица, додека во последното четиримесечје од годината мерка притвор издржувале вкупно 377 притворени лица. Притоа најголемиот дел од притворените лица се мажи, односно во првото и третото четиримесечје 9 од притворените лица се жени, а во второто тримесечје од годината бројот на притворени жени изнесува 15.

Приказот на бројната состојба и структурата на притворените лица кои издржувале мерка притвор во текот на 2012 година е прикажан за трите четиримесечја во годината и тоа од месец  јануари до април, од мај до авруст и од месец септември до декември 2012 година.

**Табеларен приказ на бројот на притворени лица кои издржувале мерка притвор  во текот на  2012 година според установата во која ја издржувале мерката притвор:**

| Казнено-поправна установа | Прв квартал (од јануари до април) | | Втор Квартал (од мај до август) | | Трет квартал (од септември до декември) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Затвор Скопје | 302 | 9 | 286 | 15 | 281 | 8 |
| Затвор Тетово | 25 | 0 | 26 | 0 | 22 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Затвор Битола | 25 | 0 | 24 | 0 | 25 | 0 |
| Затвор Прилеп | 24 | 0 | 20 | 0 | 15 | 0 |
| Затвор Гевгелија | 5 | 0 | 1 | 0 | 4 | 0 |
| Затвор Охрид | 16 | 0 | 12 | 0 | 21 | 1 |
| **Вкупно** | **397** | **9** | **369** | **15** | **368** | **9** |

Од вкупниот број притворени лица во текот на 2012 година мерка притвор издржувале 4 малолетни лица и тоа еден малолетник од машки пол во првиот квартал од годината мерката ја издржувал во притворското одделение на Затвор Охрид во времетраење до 30 дена, додека останатите малолетници исто така од машки пол, мерката притвор ја издржувале во текот на второто четиримесечје на годината, во притворското одделение на Затворот Скопје во времетраење до 30 дена.

**Шематски приказ на бројот на притворени лица од аспект на времетраењето на мерката притвор која ја издржувале:**




Од аспект на должината на мерката притвор забечежително е дека во текот на цела 2012 година преовладуваат долгите мерки притвор над 150 дена, кои во трите четиримесечја од годината се околу 1/2 од вкупниот број на изречени мерки притвор.

**Бројна состојба на притворените лица според кривичното дело за кое издржуваат мерка притвор:**

Табеларен приказ на бројот на притворени лица кои издржувале мерка притвор во текот на 2012 година според кривичното дело за кое е изречена мерката притвор:

| Вид на Кривично дело | Број на притворени лица | | |
|---|---|---|---|
| | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал |
| Против животот и телото | 58 | 56 | 46 |
| Против Слободите и правата на човекот и граѓанинот | 4 | 5 | 3 |
| Против Изборите и гласањето | 0 | 0 | 0 |
| Против Работните односи | 0 | 0 | 0 |
| Против Честа и угледот | 0 | 0 | 0 |
| Против Половата слобода и половиот морал | 28 | 21 | 22 |
| Против Бракот,семејството и младината | 2 | 1 | 0 |
| Против Здравјето на лугето | 72 | 85 | 98 |
| Против Животната средина и природата | 0 | 1 | 0 |
| Против Имотот | 110 | 93 | 93 |
| Јавни финансии,платен промет и стопанство | 19 | 21 | 13 |
| Против Општата сигурност на лугето и имото | 2 | 2 | 4 |
| Против Безбедноста на јавниот сообраќај | 0 | 0 | 0 |
| Против Државата | 1 | 5 | 2 |
| Против Вооружените сили | 0 | 0 | 0 |
| Против Службената должност | 43 | 31 | 18 |
| Против Правосудството | 0 | 0 | 0 |
| Против Правниот сообраќај | 5 | 8 | 6 |
| Против Јавниот ред | 23 | 18 | 19 |
| Против Човечноста и меѓународното право | 39 | 25 | 53 |
| **Вкупно** | 406 | 372 | 377 |

Национална припадност на притворените лица




Според националната припадност, во текот на 2012 година најголемиот број на лица кои издржувале мерка притвор се од македонска и албанска националност.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Активностите на Министерството за правда – Управата за извршување на санкциите со несмален интензитет продолжуваат и во 2013 година и се во насока на практична имплементација на законската и подзаконската регулатива со која е опфатено извршувањето на санкциите, подобрување на условите за престој на осудените лица во казнено-поправните установи и јакнење на капацитетот и професионалноста на вработениот персонал на затворите и вршење на стручно-инструкторски надзор над работењето во установите.

Во 2013 година Управата за извршување на санкциите посветено продолжува со реализација на активностите предвидени во Проектот за Реконструкција на КПУ во Република Македонија, односно пуштање во употреба на новиот Затвор Куманово како и започнување на градбата на останатите установи предвидени во Проектот.

Еден од најзначајните проекти чија реализација започна на почетокот на 2013 година е ИПА Проектот 2009 во рамките на кој ќе се изработи Национална Стратегија за развој на затворскиот систем во Република Македонија и врз основа на севкупна анализа на постоечката состојба ќе се поставаат конкретни цели и ќе се понудат реални решенија за подобрување на целокупното функционирање на затворскиот систем во Република Македонија.

Реализација на сите погоре наведени активности се во насока на остварување на Стратешките цели на Управата за извршување на санкциите, во затворскиот систем во Република Македонија да се обезбедат затвори според европски стандарди, ресоцијализација и хумано постапување со осудените лица, создавање на оптимални услови за престој и работа на осудените и вработените лица во казнено-поправните установи, јакнење на здравствената служба и грижа за здравјето и вработување на нови кадри во казнено-поправните установи и нивна обука.